Архивски број: 08-420/5
21-11-2022 година

Постапувајќи по претставката со архивски бр. 08-420/1 од 16.08.2022, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted], за сторена дискриминација по основ на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), на 02.11.2022 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted] од Скопје.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-420/1 од 16.08.2022 година од подносителот [redacted] Скопје против [redacted] од Скопје.

Во претставката се наведува дека, лицето [redacted] на 20.07.2022 година во 13:20 часот преку компјутерски систем, со објава на текстуална содржина-статус со фотографија, од својот профил на социјална мрежа "Фејсбук" во јавноста ширел расистички и ксенофобичен материјал кој промовирал омраза против маргинализирана група, на начин што од својот профил под името-[redacted] споделил текстуална содржина со фотографија "наскоро и кај нас вредностите на "ѕверот" како земја членка на НАТО. На фотографијата транс родовиот американски адмирал Рејчел Левин и заменик-помошникот секретар на САД за нуклеарна енергија Сем Бринтон на прием во Француската амбасада во САД. Е овие велат дека ќе ја победат Русија"- кој текст бил предмет на лавина од коментари, лајкови и споделувања меѓу другите учесници на социјалната мрежа со што се поттикнува омраза кон ЛГБТ+ заедницата. Лицето [redacted] истиот ден во 19:04 часот, истата објавена текстуална содржина од "Фејсбук" ја споделил и на социјалната мрежа "Твитер"

Имајќи ги во предвид ваквите наоди, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 22.08.2022 година испрати Известувања за произнесување кон наводите од претставката до [redacted]

На ден 21.09.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од [redacted] како одговор на претставката.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Во одговорот се негира било каков дискриминаторски однос кон подносителот на претставката и се наведува дека наводите во претставката очигледно се извртување на фактите. [redacted] наведува дека не е спорно дека Република Северна Македонија како членка на НАТО е должна да ги преземе хомосексуалните вредности на НАТО во македонската армија, не е спорно дека Рејчел Левин и Сем Бритон се хомосексуална двојка, не е спорно да се искаже мислење дали некој (не)може да победи во војна и дека при таква непосредна фактичка состојба за него е нејасна наводната дискриминација по основ на сексуална ориентација. Тој смета дека одземањето на правото да се каже став за било кој и за било што е недозволиво во едно демократско општество и нешто на што не може да се претендира.

На 13.09.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено дополнување на претставка од страна на [redacted] Скопје. Во дополнувањето ја известуваат Комисијата дека [redacted] на 30.08.2022 година во 18:42 часот на својот јавен личен профил објавил текстуална содржина во којшто [redacted] известува дека има нова пријава против него од ЛГВТ здружението со којшто го обвинуваат за дискриминација. [redacted] Скопје, смета дека лицето [redacted] со објава на ваков текст го прекршил членот 18 од Уставот при што законодавецот гарантира заштита на лични податоци. Исто така, подносителите на претставка сметаат дека со објава на оваа текстуална содржина е направен и прекршок на Законот за заштита на лични податоци пришто се уредува заштита на личните податоци и правото на приватност во врска со обработка на лични податоци.

Комисијата при утврдување на фактичката состојба ги зема во предвид претставката, доказите кон претставката, дополнувањето кон претставката како и одговорот по произнесувањето .

Комисијата смета дека со објавените текстуални содржини на социјалната мрежа Фејсбук лицето [redacted] немал за цел повреда на достоинство на лице или група на лица, ниту создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, а со тоа не ја исполнува законската дефиниција за вознемирување од член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација кој гласи:

*„Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.“*

Што се однесува на дополнувањето на претставка, со кое што се известува Комисијата за прекршок со којшто се гарантира сигурност и тајност на личните податоци и прекршок на Законот за заштита на лични податоци, Комисијата констатира дека нема надлежност да постапува по пријавениот прекршок и го упатува подносителот на претставка да се обрати до надлежни органи.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторено вознемирување по основ на пол, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, личен или општествен статус, сексуална ориентација и родов идентитет врз ЛГБТИ+ заедницата во областа на јавно информирање и медиуми од страна на [redacted].

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]
3. Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk